**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Натпревари по хемија за ученици од основно и средно образование

http://sctm.mk/index-mk.htm

# ПРАВИЛА ЗА РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ПО ХЕМИЈА 2017

## Тек на натпреварот и правила на однесување

1) Натпреварот започнува во **11:00 ч**. Натпреварувачите треба да бидат пред училницата во која ќе се одвива натпреварот најдоцна во **10:30 ч**. Натпреварот завршува во **13:00 ч**. Тестовите предадени по 13:00 ч. нема да се земат предвид.
2) Решавањето на целиот тест (прашања и проблеми/задачи) трае **120 минути**.
3) Вкупниот број поени што може да се освојат е **50**.
4) Тестовите се захефтани заедно со коверти. Во ковертите има ливче на кое ученикот ги пополнува наведените податоци – име и презиме, училиште, ментор, а потоа учениците ги затвораат ковертите. Ливчето се затвора така што податоците да бидат од внатрешната (превиткана) страна. На ковертот (и на самиот тест) не смее да има никаква ознака која не е поврзана со одговорите на прашањата. Доколку се забележи вакво нешто, ученикот ќе биде дисквалификуван.
5) Тестовите ги дели наставникот-тестатор во присуство на еден предметен наставник – член на регионалната комисија.
6) Натпреварувачите се должни да носат со себе сино хемиско пенкало. Тестовите се изработуваат (решаваат) користејќи го хемиското пенкало. **Не е дозволено да се работи со молив**.
7) Забранета е употреба на мобилни телефони (најдобро е мобилните телефони да се оставаат на катедрата на почетокот на натпреварот и да се вратат по неговото завршување).
8) Забранет е било каков разговор меѓу натпреварувачите.
9) Забранета е употреба на учебници, книги, тетратки, ливчиња, таблица на периодниот систем и слично. Сите потребни податоци се дадени во тестот. Крајниот резултат треба да биде предаден **читко и прегледно**.
10) На делот со повеќе понудени одговори од кои еден е точен, **не смее да се врши поправање/преправање** на резултатот. Било какви поправки, шкртаници или заокружени два или повеќе одговори автоматски се оценуваат како погрешен одговор.
11) Ако натпреварувачот сака да постави прашање, го повикува одговорниот наставник (тестатор) во училницата, кој го повикува координаторот (за основно или за средно) преку мобилен телефон. Координаторот, во присуство на уште еден наставник-ментор или член на Државната комисија, одлучува дали треба да одговори на прашањето од ученикот. Прашањето мора да биде поставено тивко, кратко и јасно. Доколку двата наставника заклучат дека прашањето заслужува одговор, координаторот гласно го повторува прашањето и дава одговор. Во спротивно, повторно гласно, се одговара (на пример: „Тоа не е од значење за натпреварот“, „Тоа би требало да го знаеш“, „Токму тоа е прашањето на кое треба да одговориш“ и слично).
12) Натпреварувач што нема да се придржува до некое (или повеќе) од овие правила/препораки, може да биде исклучен од натпреварот.

## Права и обврски на координаторот и училиштата-домаќини

1) Училиштата-домаќини се должни да обезбедат доволен број училници и тестатори (чувачи) за натпреварот, најдобро наставници кои **не предаваат** хемија или природни науки. Овие наставници се одговорни за дисциплината и регуларноста на натпреварот во соодветната училница и за оваа нивна активност добиваат потврда од СХТМ.
2) Координаторот прави распоред на седење на учениците, така што ученици од исто училиште треба да бидат максимално **оддалечени** еден од друг во училницата. Списоци со распоред на ученици треба да бидат истакнати на видно место на влезот на училиштето, како и на вратата на секоја училница во која што ќе се натпреваруваат учениците.

**Достава на тестовниот и друг материјал**

1) Тестовите и клучевите ги носи претставник на Државната комисија или лице овластено од СХТМ.

**Регионална комисија и наставници-ментори**

1) Во регионалната комисија членуваат претставниците од Државната комисија и дел од присутните наставници-ментори од училиштата што учествуваат на натпреварот. Наставниците-ментори се присутни во училиштето-домаќин цело време додека трае натпреварот и прегледувањето на тестовите, сѐ до објавување на прелиминарните резултати.
2) Менторите имаат **право и обврска** да учествуваат на натпреварот. Еден ментор не смее да контролира ученици од своето училиште или ученици со кои е во роднинска врска. Доколку ова се случи, учениците ќе бидат дисквалификувани, а наставникот повикан на одговорност.
3) Претседателот на комисијата е претставикот на Државната комисија.
4) За време на натпреварот **не е дозволено присуство на други наставници во училницата**, освен при одговарање на прашања од ученици.
5) По завршување на натпреварот се собираат сите тестови и се групираат по категорија/одделение. **На тестот и на ковертот**, без да се отвора, од надворешната страна се запишува шифра од страна на член на регионалната комисија. Шифрите се ставаат на следниов начин: Првиот тест од купчето за 8 одд. се означува со шифра 801 (**шифра се пишува и на ковертот и на тестот**); на следните тестови/коверти се запишуваат шифри 802, 803 итн. сѐ до последниот тест од 8 одд. Соодветно, се означуваат тестовите и ковертите за 9 одд. (се започнува со шифра 901, потоа следува 902, 903, сѐ до последниот тест од 9 одд.). Со 101, 201, 301 и 401 итн. се означуваат ковертите за соодветната категорија од средните училишта. За Скопје овие броеви се четирицифрени за основно (8001, 9001).
6) Прегледувањето на тестовите од страна на члeновите на регионалната комисија се врши со затворени коверти.
7) Комисијата прави записник за текот на натпреварот така што го пополнува формуларот за записник. На овој формулар **мора** да бидат потпишани (со цело име и презиме и со краток потпис) **сите наставници-ментори** кои учествувале во прегледувањето на регионалниот натпревар. Записникот се потпишува **по одговарањето на приговорите**.
8) Наставник кој е вклучен во натпреварите, а не се однесува професионално, може да биде повикан на одговорност (вклучително и кривична, доколку се докаже дека постои „пробивање“ на тестот во кое учествувал наставникот).

**Објавување на клучевите и резултатите**

1) По завршување на натпреварот, не порано од 13ч, се истакнуваат клучевите за сите категории/одделенија на огласна табла.
2) При отворање на ковертите, ливчето се захефтува од надворешната страна на ковертот.
3) По прегледување на сите тестови, вкупниот број поени се впишува во претходно доставен список (два примерока). Едниот примерок се истакнува на огласна табла, а другиот го задржува претставникот на Државната комисија. Ова се прелиминарни резултати.
4) Во рок од 30 минути по објавување на ранг листата ученикот има право да поднесе **приговор во писмена форма и со конкретно барање**. Приговорите од типот сакам да се прегледа уште еднаш тестот и слично нема да се разгледуваат.
5) Ученикот може да го поднесе приговорот во присуство на својот ментор или индивидуално. Присуство на родители не е дозволено.
6) Во приговорот ученикот треба да ги наведат основните податоци за себе (оние што претходно ги напишал на ливчето во ковертот) и конкретното барање на кое го заснова приговорот.
7) Во одлучување по приговорите учесвува претставникот на Државната комисија (задолжително) и најмалку уште еден член на регионалната комисија.
8) Официјалните резултати ќе бидат истакнати најдоцна една седмица по завршување на регионалниот натпревар на веб-страницата на СХТМ http://sctm.mk/index-mk.htm.